## 12.4. Фамилија Ѓорчеej ( 26 ) односно Ончевски, Лешок - Ѓорче Петров

Од родот Лалошои се издвојува една голема нова фамилија, која се вика Ѓорчееј односно Ончевски. Името на фамилијата Ончевски е изведено од правото име Онуфрие (14) од 5-то колено, кој е син на поп Симон(06). Онуфрие кого народот го викал поп Онче (14) е еден од четирите синови на поп Симон (06) .

Поп Онче имал пет сина: Саро( 23), Спиро(24), Јастре(25), Ѓорче(26), Атанас(27) и две ќерки: Ката(28) и Ристана(29).

Потомци на Ѓорче од Лешок, Јас, евидентирав и обработив 226 лица, кои се искажани во Табела бр. 18-б, додека други податоци (адреси, телефини, и др.) може да се видат и во другите табели, а особено во Табела бр., 26, 27, 28 и 29 на крај од книгава (види: Табела бр. 1, 2, 18-б, 26, 27, 28 и 29).

Јас, се сеќавам на потомците на Ѓорче односно на Ѓорчееј, кога сум слушал од постарите. Така, јас знаев дека од Ѓорчееј е баба Митана и нејзините синови Ѓорѓи и Николе и ќеркате Љубица, која беше мажена за вујко ми Јоанче од Сољоој односно Момироој. Верувам дека и синот на баба Митана кој се вика Ѓорѓи Перовски го добил името по дедо му Ѓорче. Потоа се сеќавам дека зборуваа дека е од Ѓорчееј и баба Иљвиза од Непроштено, потоа Бато, Трипун, Душан, Геро и др. од Ѓорче Петров.

Ѓорче (26) ја продал старата куќа во Лешок на Петруш, брат на жена му Ана од Ќапељаноој од Брезно и во 1932 година се сели во Ѓорче Петров. Таму купува ниви и изградил куќа и држел своја фурна.

Во 1968 година кога дојдов на студии во Скопје, а посебно кога почнав да работам, постепено се запознавав со потомците на Ѓорче.Така, го запознав Владо Ончевски кој работеше во финансии во Техногас, во Лепенец, Марика, која Работеше во Љубланска банка, Крсто Несторов, советник во Економист, Данило Ончевски, студент на филизофија, Иљо Саздов, сопственик на кафаната Жабарот, Душко Ончевски, сопственик на Печатницата Бато, а го познавав и Јоваче Србиновски, од Шердоој по татко му Иљо, а беше внук на баба Иљвиза, од Непроштено, кој беше директор во ХЕК Југохром во Јегуновце и др.

Значи, потомците на Ѓорче(26) во најголем дел носат презиме Ончевски и мене не ми е познато кој од новите генерации има презиме Ѓорчевски.

Ѓорче (26) со Ана од Брезно имаат 5 синови: Трипун(65), Душан(66), Крсто(67), Ристо(68) и Геро(69) и 3 ќерки: Иљвиза(70), Перса(71) и Митана(72).

Трипун Ончевски(65) е женет со Гајта од Варвара од Тоде од Коачоој, имаат 4 деца: Томе(201), Ќирко(202), Трпана(203) и Вера(204).

Томе(201) со Ленче имаат два сина: Владо и Никола. Владо Ончевски работеше во Техногас со сопругата Татијана имаат син Кирил, студент на Електро Машински Факултет и ќерка Елена, студент на фил. факултет-англиски и италјански јазик.



(Владо Ончевски, син на Томе и внук на Трипун Ончевски, прв ред, трет од десно до братучедите Драго Поповски и Стојан Спироски на Основачко собрание на Здружението ЛЕШОК)
(Vlado Oncevski, Tome's son and Tripun Oncevski's grandson , first order ,third on the right next to the cousins Drago Popovski and Stojan Spiroski – Constitutional assembly of the Association LESOK)

Ќирко Ончевски (202) загинува при ослободување на Скопје, има Партизанска споменица, а погребан е во Алејата на заслужни лица во Бутел.

Трпана(203) е мажена за Филип Геровски од Галичник, имаат три деца: Златко, Ристе и Петранка. Златко Геровски, работи во Алумина и со Љиле од Брезно, која работи во Комерцијална банка имат син Бојан и Андреа. Ристе Геровски има виша трговска школа и работи во Маврово и со жената Јорданка од Лазарополе имаат два сина: Филип и Александар Геровски, машински инжењери,кои имаат Печатница Про-Поинт во Влае. Филип Геровски има син Иван, а Александар Геровски има ќерка Ана. Петранка, е педагог и работи во детска градинка во Влае и со мажот Драги Петров,кој работи во Железара имаат ќерка Биљана и син Гоце.

Вера(204) со Миле Дојчиновски имаат ќерка Олгица, градежен факултет-проектант и работи во уредување на домаќинства и Дракче Дојчиновски, роден 1956 година, работи во ИЗИС- за земјотреси, магистер е и докторирал.

Душан Ончевски(66) со жената Доста има син Јован(205) и ќерка Анѓа(206).

Јован Ончевски(205) го викале Бато живее во Ѓорче Петров, има Печатница Бато и со жената Дафинка имаат син Душко и ќерка Светлана. Душко има два сина, студираа во Солун во колеџот Анатолија и се викаат Јован и Гоце, а Светлана има ќерка Марија и син Марко. Душко Ончевски ја држи Печатницата Бато ( Е-маил: bato_print@yahoo.com ), јас го знам и тој многу помогна неколку години за печатење честитки и календари на Здружението Лешок.




( Божиќна и Новогодишна честитка, печатена од Душко Ончевски, Печатница БАТО, Скопје)
( Christmas's and New Year's greeting card, printed by Dushko Oncevski, Printing BATO, Skopje)

Анѓа Јоанидис (206) е професор по француски јазик и има два сина: Јован Јоанидис- адвокат и Михајло, професор по ликовно во Чаковец, Хрватска. Јован Јоанидис има своја адвокатска канцеларија ( Е-маил: joanidis@t-home.mk ). Јован Јоанидис има син Александар, адвокат, со кој заедно работаат, а има и ќерка Биљана.

Крсто Ончевски(67) има бакалница и касапница во Ѓорче Петров и со жената Мара од Јелошник имаат 4 деца: Мица(207), Менка(208), Донка(209) и Марика(210).

Мица(207) млада умира.

Менка Несторова(208) работи во Комерцијална банка и со Бошко Несторов од Дебреште имаат син Крсто и ќерка Снежана. Крсто Несторов работи во Економист и Ернест и Јанг се жени со Славица која работи во ОТЕ, додека Снежана Петровска работи во Нова Македонија и има син Душко и ќерка Александра. Со Крсто Несторов сме колеги и соработувавме во даночната и финансиската проблематика, односно тој пишуваше за даноците во Економист, а јас во Сметководствено финансиска ревија на Македонија и двајцата добивме цертификат-уверение од Министерот за финансии за овластен ревизор, тој работеше за Ернест и Јанг, а јас за АТМ Ревизија.

Донка Саздова(209) со Ѓорѓи Саздов има два сина: Иљо и Васе. Иљо Саздов ја има кафаната Жабарот до Кејот на Вардар и Владата на РМ и со жената Вера од Куманово имаат 5 деца: Јован, Данчо, Ѓорѓи, Клементица, и Самоил. Јован Саздов живее во Бризбејн, Австралија и има ќерка Миа. Васе Саздов е возач во Мактранс и со Божана од Сараќино имаат две ќерки: Надежда и Лидија. Надежда е ветеринар и со мажот Никола Кралевски кој работи, кувар во АРМ имаат син Давид и ќерка Марија.



( Иљо Саздов -Жабарот и Митко Спироски,свечено обновување на црквата Св. Богородица, Скопје)
( Iljo Sazdov - Zabarot and Mitko Spiroski at ceremonious regeneration of the church the Virgen Mary in Skopje)

Марика Антаророва(210) работеше во Љубљанска банка и со мажот Иван од Струмица имаат син Ристо Антароров, кој работи хирург- во Воена болница и бил во Конзилиумот на лекари на Јосип Броз Тито. Ристо со сопругата Сунчица, која е архитект, работи во приватна фирма имаат две ќерки Ана, студент на ек. факултет и Марија, гимназија.

Ристо Ончевски(68) со Петра имаат две деца: Павле(211) и Иванка(212).

Павле Ончевски(211) работи во Железара и со жената Љубица од Кичево, која работи во Комерцијална банка имаат син Жарко и ќерка Соња. Жарко работи во ТИПО и со жената Елизабета имаат син Стефан и Огнен, додека Соња Ристовска живее во градот Амневил во Франција и со мажот Томислав, кој е директор на туристичка агенција имаат син Роберт и ќерка Маријана.

Геро Ончевски(69) има син Љубиша и ќерка Аница. Љубиша Ончевски работи во Електро дистрибуција и има син Огнен, студент психологија и Данило, студент филозофија. Со Данило се запознавме на саемот за Невладини организации во АРМ во 2005 година, на кој учествуваше со свој штанд и Здружението Лешок и зборувавме за родот Лалошои од Лешок и ми остави добар впечаток. Аница има син Златко и ќерка Александра Петревска.



( Геро Ончевски (ред. бр.69), од Ѓ. Петров, татко на Љубиша Ончевски (ред. бр. 213), во Електродистибуција Скопје, и дедо на Огнен Ончевски–психологија и Данило Ончевски-филозофија)
( Gero Oncevski (ordinal number 69), from G.Petrov, tatko na Ljubisha Oncevski's father (ordinal number 213) in Power suplly Skopje, and Ognen Oncevski's grandfather -psychology and Danilo Oncevski-phylosophy)

Иљвиза(70) е е мажена во Шемшево и Непроштено и од двата брака има 5 деца: Александар(215), Горозда(216), Блаже(217), Петко(218) и Доца(219).

Александар Стојчевски (215) работи во Келн, закопан е во Шемшево. Александар има 7 деца: Вељо(533), Мирко(534), Јоше(555), Цветко(556), Анѓа(557), Васка(558) и Душанка(559).

Вељо Јаневски(533) работи во Келн и има 3 деца: Светозар, Радмила и Ратко. Светозар кој останува во Шемшево и работи како автолакер и со жената Десанка од Лесковец има 4 деца: Матијанчо,Викторија и близначките Зорица и Зорана. Радмила работи во Ахен и со мажот Зоран Стојановски од Штип имаат три деца: Ангела, Сања и Тања и Ратко има син Данаил и ќерка Дијана.

Мирко Стојчевски(534) работи во Келн и со Нада од Хрватска имаат две деца: Александра и Кристијана, а Јоше Стојчевски (555) е во Детроит и има син Мирослав и ќерка Даниела.



(Зелени ливади во Лешок)
(Green fields in Lesok)

Анѓа Јаневска (557) со Андре од Лешница имаат фурна во Сремчица кај Белград, имаат две ќерки: Оливера која има ќерки Тања и Гордана и Снежана која има син Стефан.

Васка Крставска(538) со Раде од Одри живеат во Детроит, како и Душанка Крстиќ(539) со раде Крстиќ од Ќуприја кои се во Детроит.

Горозда(216) е затечена од првиот брак и има 4 деца: Петре(540), Драшко(541), Сребра(542) и Војно(543).

Петре Атанасовски(540) работи во Швајцарија и со Крстана Трифуновска од Теарце имаат два сина: Зоран и Милан, при што Зоран има син Дамјан. Драшко

Савевски е во Швајцарија, работи во ф-ка за кожи и со Трпана од Сетоле имаат ќерка Сузана Руес и син Небојша Атанасовски. Сузана Руес работи во Швајцарија, е д-р по молекуларна биологија, а мажот е д-р по фармација и имаат две деца: Саша и Тимош. Небојша Атанасовски живее во Швајцарија, оженет е со Бетина. Војно Атанасовски од Непроштено ми даде Е-маил: monica.heinz@bepr.ethz. , за да комуницирам со Небојша. Од овој е-маил се јави Моника, но, незнам што му е на Небојша. Сребра Стефанова работи во градинка во Чаир,Скопје и со Пане имаат ќерка Дијана и Зорица. Војно Атанасовски(543) е генерација после мене, работи во Статистика во Тетово и има две деца: Дејан и Милена Атанасовска, новинар во Дневик, со која сме се слушнале, има E-mail: amimi82@freemail.com .

Блаже Војновски(217) живее во Непроштено и со жената Ката имаат две деца: Јован и Цвета. Јован-Јонко Војновски, агроном, работи во Паркови и зеленило има три деца:Снешка, Весна и Благоја. Снешка со Миле имаат фурна Богданци и имаат три деца: Душица, Соња Милена. Весна е лекар и мажена е во Лешок за Предраг Ѓорковски син на Олга и Спасо од Коачооj, а Благоја е студент на фармација. Цвета е медицинска сестра и има ќерка Душица, која има ќерка Валентина и син Влатко, кој има син Александар и Петар.

Петко Војновски (218) живее во Детроит со жената Божана, сестра на Зоран Ристовски(татко на одбојкарот Жарко Ристовски) од Лешок и имаат син Ѓорѓи и ќерка Снежана. Ѓорѓи Војновски со жената Дијана, економист, живеат во Детроит и имаат синови Петар и Даниел. Снежана од Непроштено, дефектолог, е жена на Љупчо Трпевски од Николина, братучеда на Стојанче Спироски од Лешок од баба му Трпана, жена на Никче Онуфриевски од Лешок и имаат син Веле, студент за компјутери.




(Учесници на Манифестацијата 160 години Кирил Пејчинович во Лешок)
(Celebration on Manifestation 160 years Kiril Pecinovic, Lesok)

Доца(219) е жена на Иљо Србиновски од Шердооj од Непроштено. Иљо бил војска заедно со татко ми во Вршац. Доца има син Јован(548) и ќерка Цвета(549). Јован

Србиновски е директор во ХЕК Југохром и со жената Олгица Јовановска од Непроштено, правник, имаат ќерка Христина, студент во САД и син Илчо, студент во Солун. Цвета работи во Медицинска пластика, економист и со мажот Боре, адвокат од Стенче, имаат две деца: Ирена, студент на економија и Душица, средно економско. Инаку, со Јован Србиновски добро се знаеме, дојде на работа и ми даде многу податоци за родот Лалошои, но, и за Петкои од Непроштено. Исто, така многу добро го знаеше родот Лалошои и Петкои и Блаже Војновски. Тие, ми кажаа дека слушале од претците дека лозата Лалошои во Непроштено е формирана од некој човек кој дошол од свештеничкиот род Лалошои од Лешок.

Перса(71) е мажена за Иљо од Теарце има 4 деца: Живко(220), Ана(221), Боре(222) и Петра (223).



(Писатели и поети гости на Манифестацијата 160 години Кирил Пејчинович во Лешок)
(Writers and poets of the Manifestation 160 years of Kiril Peychinovich in Lesok)

Живко(220) од Теарце има ќерка Мира и синови Душан и Илко Савевски. Душко Савевски со Борка од Теарце имаат синови Веле и Живко Савески. Мира работи во Југохром.

Ана е мажена за Ѓорче Такач во Теарце и имаат 5 деца: Трпко, Ане, Цвета, Мирко, и Крсто. Трпко Ѓорѓевски од Теарце со Бранка од Доброште имаат три ќерки: Жаклина, Снежана и Кристина. Ане Тевдовски од Теарце со Лилјана од Паракин имаат ќерка Сара. Цвета Блажевска со Благоја од Саракино живеат во Аусбург и имаат ќерка Силвана која со Сашо од Ласманоој од Тетово имаат син Стојанче и ќерка Благица. Мирко Ѓорѓевски работи во продавница во ТРО Бистрица Теарце и со жената Виолета од Прељубиште имаат ќерка Анета, студент по новинарство и син Тони, средно земјоделско. Крсто и Момица работаат во Југохром и имаат ќерка Елена и син Момир.

Боре Савевски (222) работи во Тетекс и со сопругата имаат ќерки Виолета и Донка.

Петра (223) со Анѓелко од Теарце имаат ќерка Грозда и син Перо. Грозда е мажена за Аце од Теарце и имаат ќерка Виолета и Перо со Славица од Саракино имаат синови Јованче и Игор.

Митана (72) останува во Лешок и се мажи за Јован Перовски од Отушиште, кој доаѓа домазет и имаат 4 деца: Љубица(224), Јошка(225), Ѓорѓи(226) и Николе(227).



( На свадбата на Ѓорѓи Перовски (226) и Љубица од родот Качои од Лешок)
( Wedding of Gorgi Perovski (226) and Ljubica of the kin Kacoi - Lesok)

Љубица(224) се мажи за Јованче од Момироој од Лешок и имаат три деца: Јордан, Петко и Дафинка и сите живеат во Лешок. Јордан Момировски е наставник по ОТО во Теарце и има две ќерка: Соња, која е омажена и има син и Христина. Петко Момировски е агроном и работеше во ЗИК, со жената Магда од Кокооj од Лешок, која се отру од печурки и млада умре, имаат два сина: Јовица, кој работи во продавница во Лешок и Гоце работи во Скопје. Дафинка се мажи за Перо Глигуровски од Такарооj и имаат син Златко и ќерка Даница. Златко има

сендвичара во Влае, се ожени за Жаклина од Васко Стојановски од Лалошои од Лешок и имаат две ќерки: Стефани и Емилија. Даниела се мажи за Славко од Кокооj од Лешок и живеат во Виндзор, Канада и имаат син Бобан.



( Прв од лево,Петко Момировски, син на Љубица (224) и внук на Митана од Ѓорче поп Ончев од Лешок, 14.02.2003 – Св. Трипун)
( first on left, Petko Momirovski, son at Ljubica (224) and grandson at Mitana ot Gorce pop Oncev on Lesok, 14.02.2003 – St. Tripun)

Јошка(225) се мажи за Борис Стевовски од Отушиште и маат три деца: Грозда, Сирма и Аце. Грозда Јаневска со Славчо од Туденце имаат ќерка Дијана која со Васко Петрушевски од Теарце имаат син Симо. Сирма со мажот Павле Лазаров од Штип работаат во Гронау, Германија и имаат син Ване Лазаров кој е оженет со Тања од Штип и имаат син Мартин. Аце Стевовски работи во Југохром, живее во Теарце со жената Грозда од Теарце и имаат два сина Жарко и Тони.

Ѓорѓи Перовски(226) се жени за Љубица од Ил*ь*о од Качои од Лешок, се сели во Ѓорче Петров. Ѓорѓи работи електричар во Југохром, а Љубица во Југобанка. Имаат син Мирко Перовски, кој работи во ТИПО, има три деца: Љубица и Надица, близначки и син Ѓорѓи.

Николе Перовски(227) се жени со Марица од Тоде Ноќе од Коачооj од Лешок и има син Благоја, кој има синови Александар и Никола.

Инаку, вујна Љубица (224) е мажена со вујко Јоанче Момиросвки (37), син на баба Спасена(09), која е сестра на дедо ми Тоде Апостоловски од родот Котлинци од Јанчиште, а што е подетално запишано во поглавието за родот Котлинци во оваа книга, како и во Табелата 20, 20-а, 20-б и 20-в , кои се на крајот од книгава.